21.04.2022

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________ 20__ год.
Потпис.

**До: Министерство за култура**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 21.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| УПИ | 03-82 | | |

03

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [illegible]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

„Финансиски и наративни извештаи за реализацијата на годишните програми на Ансамблот за албански народни ора и песни, за 2019, 2020 и 2021 година“.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 20.04 2022 година** **Потпис**

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Delçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3116 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web, http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-82
20 05 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од , УП1 бр. 03-82 од 21.04.2022 година, заменикот министер за култура, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од , УП1 бр. 03-82 од 21.04.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

„Финансиски и наративни извештаи за реализацијата на годишните програми на Ансамблот за албански народни ора и песни, за 2019, 2020 и 2021 година."

Барателот на информацијата побарал информациите да му бидат доставени во форма на фотокопија по пошта и електронска адреса.

Министерството за култура на адресата ул. , ги испраќа бараните документи во фотокопија и тоа:

- Извештај за активности на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје за 2019 година, заведен во Министерството за култура со бр. 20-1117/1 од 27.01.2020 година;

- Наративен извештај на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје за 2020 година, заведен во Министерството за култура со бр. 20-3453/1 од 02.04.2021 година;

- Финансиски и наративен извештај на Национална установа Ансамбл на албански народни и песни во РСМ – Скопје за 2021 година, заведен во Министерството за култура со бр. 21-4758/1 од 28.03.2022 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

... поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-82 од 21.04.2022 година, со кое ја побарала следната информација:

„Финансиски и наративни извештаи за реализацијата на годишните програми на Ансамблот за албански народни ора и песни, за 2019, 2020 и 2021 година."

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-82.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
**Daim Luçi**

Подготвила: Елена Николовска, службено лице